Архивски број: 08-484/2
Дата: 13-09-2023

По претставката бр. 08 – 484/1 од 04.09.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје со живеалиште на [redacted] против [redacted] Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 13.09.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### за отфрлање на претставка поради ненадлежност

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 484/1 од 04.09.2023 година, поднесена од [redacted] против ДСУЛУД „Лазар Личеноски" Скопје **заради ненадлежност**.

### Образложение

На 04.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 484/1, поднесена од [redacted] против ДСУЛУД „Лазар Личеноски" Скопје.

Претставката е поднесена поради незаконски изготвен конкурс за прием на ученици во прва година, за учебната 2023/2024 година при ДСУЛУД „Лазар Личеноски" Скопје. Се појаснува дека во конкретниот конкурс бил изоставен одделот – Дизајн на керамика, во кој оддел вообичаено се примале минимум 5 ученици. Подносителот истакнува дека конкурсот за упис на ученици во средното образование мора да се распише согласно постоечките важечки наставни планови, за сите оддели во средното уметничко образование. Подносителот смета дека на овој начин на учениците им е ускратено правото на избор на одделот за школување во средното уметничко образование, односно на тој начин им е оневозможено правото на избор на образовен профил на кандидатите. Со тоа подносителот смета дека кон кандидатите за ученици во ДСУЛУД „Лазар Личеноски" Скопје е извршена дискриминација.

По разгледувањето на претставката, констатираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Тоа од причина што во случајот опишан во претставката не може да стане збор за дискриминација, затоа што конретниот проблем не произведува нееднаквост спрема таргетирана група на ученици заради некоја нивна заштитна карактеристика (дискриминаторска основа), туку кон сите кандидати за ученици во училиштето. Од друга страна за законитоста на спроведувањето на конкурсите за

прием на ученици во средно образование и воопшто за примена на Законот за средното образование надлежен е Државниот просветен инспекторат.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација би постапувала во случај кога правото на избор на образование не се обезбедува на еднаква основа на ученик или група ученици поради некоја нивна заштитна карактеристика, односно дискриминаторска основа како: раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Од друга страна, согласно одредбите од Законот за просветната инспекција, Државниот просветен инспекторат е надлежен да врши надзор над:

- спроведувањето на конкурсот за запишување на учениците и на студентите и

- реализацијата на наставните планови и програми и другите пропишани стандарди и нормативи со кои се уредува воспитно- образовната дејност.

Врз основа на овие законски надлежности, подносителот на претставката може да се обрати до надлежниот орган – Државен просветен инспекторат.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
13.09.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk